# ПРАВИЛНИК
## за уредување на меѓусебните односи на органите на АЛКАЛОИД АД Скопје

АЛКАЛОИД
СКОПЈЕ

# ПРАВИЛНИК
## за уредување на меѓусебните односи на органите на АЛКАЛОИД АД Скопје

АЛКАЛОИД
СКОПЈЕ

Здравјето пред сè

Врз основа на член 119 од Статутот на АЛКАЛОИД АД Скопје, по предлог на Надзорниот одбор на АЛКАЛОИД АД Скопје, Управниот одбор на АЛКАЛОИД АД Скопје, во согласност со член 83 од Статутот на АЛКАЛОИД АД Скопје, на седницата одржана на 29.12.2022 година, го донесе следниот:

# Правилник за уредување на меѓусебните односи на органите на АЛКАЛОИД АД Скопје[1]

## ВОВЕДНИ ОДРЕДБИ

**Член 1**

Со овој Правилник се уредуваат начелата и системот на соработка меѓу Надзорниот Одбор и Управниот Одбор на АЛКАЛОИД АД Скопје, правата и надлежностите што ги имаат Надзорниот и Управниот одбор при реализација на своите надлежности во меѓусебните односи, дејствијата што ги преземаат Надзорниот и Управниот одбор во одредени постапки, како и поставеноста, функцијата, правата и надлежностите на Корпоративниот секретар во АЛКАЛОИД АД Скопје (во понатамошниот текст: Друштвото.

**Член 2**

Одредбите од овој Правилник важат за Надзорниот и Управниот Одбор и неговите членови, за Корпоративниот Секретар, како и за сите Организациони Единици, односно нивни вработени и раководни лица во Друштвото, кога извршуваат службени дејствија во однос на Надзорниот Одбор, Управниот Одбор и Корпоративниот секретар на Друштвото.

**Член 3**

Сите органи и лица на кои се однесуваат одредбите од овој Правилник постапуваат во најдобар интерес на Друштвото и на сите акционери.

Сите органи и лица постапуваат со должна и взаемна почит едни кон други, земајќи ги предвид правата и функцијата на органот, односно лицето со кое се во содејство.

**Член 4**

Друштвото има долгорочна стратегија за ефикасно корпоративно управување и согласно ова Надзорниот и Управниот одбор постојано го следат нејзиното остварување и обезбедуваат подобрување на работењето во насока на остварување на целите поставени со стратегијата.

Друштвото има јасно поставена организациона структура, со прецизно дефинирани права и одговорности на Надзорниот и Управниот одбор и останатите организациони единици во Друштвото, со цел успешно спроведување на системот на корпоративно управување.

**Член 5**

Надзорниот Одбор, Управниот Одбор, Корпоративниот секретар на Друштвото, како и сите Организациони единици што извршуваат обврски во однос на надлежностите на претходно споменатите органи, тесно соработуваат меѓу себе при извршувањето на своите права и надлежности.

Организациони единици што особено извршуваат обврски согласно ст. 1 од овој член се: Корпоративната Правна служба, Службата за кадровски работи, Службата за акционерство и имотни прашања и Службата за Финансии.

## НАЧЕЛА НА МЕЃУСЕБНА СОРАБОТКА ПОМЕЃУ ОРГАНИТЕ НА ДРУШТВОТО

**Член 6**

Органите на управување на Друштвото, при меѓусебната соработка се должни да се работат и да ги извршуваат своите должности согласно најдобрите корпоративни практики.

Управниот и Надзорниот одбор во меѓусебните односи постапуваат врз основа на најдобрите корпоративни начела и принципи. Начелата на кои треба да се придржуваат органите на управување на Друштвото се следните:

**Начело на законитост**

**Член 7**

Органите на Друштвото се должни да го организираат своето работење, и работењето на Друштвото во целина и сите активности кои ги презема Друштвото во согласност со важечките прописи. За оваа цел потребно е органите на Друштвото да обезбедат континуирано следење на најновите законски и подзаконски промени, следење на усогласеноста на Друштвото со нив и адекватно прилагодување на работата на Друштвото со важечките прописи.

**Начело на транспарентност и информирање на јавноста**

**Член 8**

Друштвото редовно ги објавува важните информации за своето работење како и ценовно чувствителните информации и информациите кои се од значење за управувањето на Друштвото, информациите за резултатите од работењето, значајни промени во финансиската состојба преку воспоставениот систем на Берзата, согласно прописите што ја уредуваат таа материја.

**Начело на поделба на надлежности**

**Член 9**

Поделбата на надлежностите на органите на Друштвото се врши на начин што овозможува прецизно дефинирани права и одговорности, со цел најефикасно работење на Друштвото, како и унапредување на меѓусебниот систем на checks and balances помеѓу органите на Друштвото.

**Начело на независност и објективност**

**Член 10**

Членовите на Управниот и Надзорниот Одбор се должни одлуките во текот на извршувањето на нивните обврски да ги носат независно и врз основа на објективна проценка. Притоа, се обврзуваат во рамките на своите овластувања да постапуваат чесно, одговорно, независно, лојално, професионално и да ги ставаат интересите на Друштвото пред своите лични интереси.

**Начело на ефикасност**

**Член 11**

Управниот Одбор и Надзорниот Одбор ќе ги употребуваат сите капацитети кои им стојат на располагање со цел нивните надлежности да ги извршуваат што е можно побрзо и поефикасно, без непотребно одложување.

**Начело на работење согласно интересите и препораките на акционерите и другите засегнати страни**

**Член 12**

Органите на Друштвото го водат управувањето на Друштвото согласно препораките и информациите добиени од страна на засегнатите страни и при своето работење се раководат особено од интересите на акционерите. Овие информации и препораки, органите на Друштвото ги добиваат меѓу другото и согласно Правилникот за уредување на односите помеѓу Друштвото и акционерите.

**Начело на општествена одговорност**

**Член 13**

Органите на управување работат согласно принципите на корпоративна општествена одговорност и ја прифаќаат својата одговорност кон акционерите, инвеститорите, клиентите, добавувачите, вработените, државата и општеството.

## ФУНКЦИЈА, ПРАВА И НАДЛЕЖНОСТИ НА КОРПОРАТИВНИОТ СЕКРЕТАР ПРИ МЕЃУСЕБНИТЕ ОДДНОСИ НА ОРГАНИТЕ НА ДРУШТВОТО

**Член 14**

Друштвото воспоставува функција на Корпоративен секретар на Друштвото во својата корпоративна структура.

Функцијата на корпоративниот секретар на Друштвото е обезбедување административна, организациска и стручна помош на органите на Друштвото, особено при нивната соработка и интеракција, а согласно надлежностите наведени во овој Правилник и во другите внатрешни акти на Друштвото.

Корпоративниот секретар со своите активности придонесува за поголема ефикасност и олеснување на меѓусебните односи помеѓу органите на Друштвото и остварувањето на нивните надлежности согласно законските прописи, Статутот и внатрешните акти на Друштвото.

**Член 15**

Корпоративниот секретар обезбедува правилна примена на законските процедури од страна на Управниот Одбор и од страна на Надзорниот Одбор.

Корпоративниот секретар е внатрешен правен советник на Надзорниот одбор, тој обезбедува стручна помош на Надзорниот Одбор, особено во делот на толкувањето и примената на правните прописи, што се поврзани со корпоративното управување во друштвото, материјата од правото на трговски друштва, хартии од вредност, права на акционери, како и во делот на односите на Друштвото со надлежните институции поврзани со таа материја, особено со Берзата и Комисијата за хартии од вредност.

**Член 16**

Корпоративниот секретар се грижи за соодветна координација и медијација меѓу Надзорниот Одбор, Службата за внатрешна ревизија, Службата за Акционерство и имотни прашања, Корпоративна правна служба, Службата за Финансии и Службата за кадровски работи, а во поглед на доследна примена на законските и подзаконските прописи, Статутот на друштвото, другите внатрешни акти на друштвото, во делот на прашањата што се однесуваат на материјата од правото на трговски друштва, хартии од вредност, права на акционери, како и во делот на односите на друштвото со надлежните институции поврзани со таа материја, особено со Берзата и Комисијата за хартии од вредност.

**Член 17**

Корпоративниот секретар обезбедува стручна и административна поддршка на Собранието на акционери, Надзорниот Одбор и Управниот Одбор.

Не исклучувајќи други должности, Корпоративниот секретар особено ги има следните надлежности:

- Обезбедување техничка, нормативна и организациона асистенција на Управниот Одбор, односно овластениот орган што го свикува Собранието на акционери, преку изготвување предлог акти за свикување на седница на Собранието на акционери, изготвување акти и материјали за работата на Собранието на акционери, грижа за соодветно техничко функционирање на седниците на Собранието на акционери, и контактирање со вработени во Друштвото и надворешни лица кои се вклучени во процесите на одржување на седниците на Собранието на акционери (пр. овластен нотар);
- Преземање дејствија за координирање на Управниот Одбор, Надзорниот одбор и соодветните организациони единици во Друштвото, со цел извршување и спроведување на донесените одлуки на Собранието на акционери;
- Изготвување на предлог акти за потребите на седниците на Надзорниот Одбор и Управниот одбор;
- Присуство на седниците на Надзорниот и Управниот одбор и изготвување записници;
- Преземање соодветни дејствија заради информирање на соодветните организациони единици и соодветните лица за донесените акти на седниците на Надзорниот и Управниот одбор и спроведување на истите;
- Пружање правна и нормативно-техничка помош на Надзорниот одбор и Управниот одбор, во моментот на одржување на седниците на одборите или по нивно задолжение, особено во делот на толкувањето и примената на правните прописи, што се поврзани со корпоративното управување во друштвото, материјата од правото на трговски друштва, хартии од вредност, права на акционери,

како и во делот на односите на Друштвото со надлежните институции поврзани со таа материја, особено со Берзата и Комисијата за хартии од вредност;

- Обезбедување асистенција на акционери и надворешни заинтересирани лица, поврзано со акционерски прашања;

Корпоративниот секретар по сопствена иницијатива има право да побара известување, како и да побара документи на увид, од соодветниот орган, односно организациона единица, за прашањата кои што влегуваат во неговиот делокруг на работа.

**Член 18**

На Корпоративниот секретар може да му помагаат организациони единици или други лица кои се вработени во Друштвото, назначени со соодветна одлука или налог согласно процедурите на Друштвото, во нивното полно работно време или во дел од нивното работно време.

**Член 19**

Корпоративниот секретар има тесна соработка со Корпоративната Правна служба, од која е должен да побара, а Корпоративната Правна Служба да му обезбеди толкување и стручно правно мислење на правните прописи од делокругот на задолженијата на Корпоративниот секретар.

**Член 20**

Корпоративниот секретар учествува во работата на Службата за внатрешна ревизија во поглед на исполнување на законските и подзаконските обврски, кои произлегуваат од надлежноста на Службата за внатрешна ревизија согласно законот.

**Член 21**

Корпоративниот секретар му помага на Надзорниот одбор и, доколку тоа од него се побара, на Управниот одбор, со цел да се подобри ефикасноста и квалитетот на нивната работа, меѓу другото, и преку организирање обука за членовите.

**Член 22**

Корпоративниот секретар посебно се грижи остварувањето на правата на акционерите во друштвото, односно дава стручна помош на Службата Акционерство и имотни прашања и на другите надлежни органи и тела во друштвото да ги исполнат законските обврски и другите деловни стандарди поврзани со овие прашања.

**Член 23**

Корпоративниот секретар, во организационата структура на Друштвото се наоѓа директно под надлежност на Генералниот директор, а се назначува и отповикува по предлог на Генералниот директор, од страна на Управниот одбор.

Генералниот директор изготвува предлог за назначување на Корпоративен секретар на Друштвото, со потребните информации согласно одредбите од овој Правилник и го доставува истиот до Надзорниот Одбор.

Надзорниот Одбор дава претходна согласност за предлогот за Корпоративен секретар на Генералниот директор на Друштвото, и на првата наредна седница го разгледува предлогот и донесува одлука да даде согласност за предлогот или да не го прифати предлогот. Надзорниот Одбор одлуката со која не се прифаќа предлогот ќе ја испрати до Генералниот директор. Надзорниот Одбор одлуката со која се дава согласност за предлогот, заедно со предлогот, ќе ја испрати до Управниот одбор, а за истата се известува Генералниот директор.

Управниот Одбор на првата наредна седница го разгледува предлогот и донесува одлука да го прифати или да го одбие предлогот.

**Член 24**

Мандатот на Корпоративниот секретар трае 2 години, со право на повторен избор.

**Член 25**

Корпоративниот секретар е дипломиран правник со повеќегодишно домашно и меѓународно работно искуство во правната професија.

Корпоративниот секретар има знаење и искуство од системи на корпоративно управување, хартии од вредност, право на трговски друштва и остварување на права на акционери.

**Член 26**

Корпоративниот секретар, во име на друштвото, учествува на форуми, конференции, јавни дебати, стручни собири и други настани, организирани на теми кои се поврзани со материјата од правото на трговски друштва, хартии од вредност и права на акционери и кои се од надлежност на делокругот на Корпоративниот секретар.

## СОРАБОТКА И КОМУНИКАЦИЈА МЕЃУ НАДЗОРНИОТ ОДБОР И УПРАВНИОТ ОДБОР ПРИ ИЗВРШУВАЊЕТО НА НИВНИТЕ ПРАВА И НАДЛЕЖНОСТИ СОГЛАСНО НАЈДОБРИТЕ КОРПОРАТИВНИ ПРАКТИКИ

Покрај големиот број на надлежности и овластувања кои Надзорниот одбор и Управниот одбор ги имаат во Друштвото врз основа на важечките законски прописи, Статутот и останатите внатрешни акти на Друштвото, во оваа глава се опишани дел од нивните главни права и обврски за чија реализација е потребна нивна меѓусебна интеракција, комуникација и соработка.

Надзорниот одбор врши надзор врз управувањето со Друштвото што го врши Управниот одбор, како и врз самото работење на Управниот одбор како орган, со цел да утврди дали Управниот Одбор ги постигнува утврдените цели на Друштвото, како и му дава стратешки насоки на Управниот одбор со цел.

За што е можно поуспешно и ефикасно спроведување на овој надзор, Управниот одбор е потребно да му ги направи достапни на Надзорниот одбор сите книги, извештаи, акти и сите останати документи врз кои Надзорниот би извршувал увид проверка и разгледување.

Управниот одбор е потребно да одговори на сите прашања упатени од страна на Надзорниот одбор како и да даде појаснување за секоја дополнителна работа.

При реализација на овие цели, потребна е меѓусебната комуникација, интеракција, размена на документи и мислења, а поради обемноста на документацијата како и на целиот обем на работа, согласно начелото на ефикасност, Надзорниот и Управниот одбор максимално ќе ги користат капацитетите на Корпоративниот секретар, Организационите единици на Друштвото и вработените во Друштвото.

При вршењето на меѓусебните права и обврски, Управниот Одбор е должен на најобјективен начин да ги претстави на Надзорниот Одбор сите подробности во врска со неговото работење, како и подробно да ја опише целата ситуација со работењето на Друштвото, најобјективно да ги прикаже евентуалните проблеми со кои се соочува Друштвото, а при доставувањето на документите ќе се потруди покрај документите што се побарани од страна на Надзорниот Одбор, да му ги даде и сите дополнителни документи кои што ќе смета дека би му ја олеснило работата на Надзорниот одбор и би придонеле за што е можно по објективен приказ на работата на Управниот Одбор.

Согласно начелото на поделба на надлежности, во Статутот на Друштвото и во Деловниците за работа на Надзорниот и Управниот одбор, на детален и прецизен начин се наведени сите права и обврски што ги имаат Надзорниот и Управниот одбор, вклучително и обврските што опфаќаат нивна меѓусебна интеракција. Подолу се наведени некои од побитните дејствија што ги преземаат двата органи на управување, со наведена референца од одредбите од Статутот каде што тие дејствија се опишани на по детален начин.

**Член 27**

Надлежностите на Надзорниот одбор во однос на Управниот одбор се следните:

- Избира и разрешува членови на Управниот одбор и Претседател на Управниот одбор (чл. 116 од Статутот);
- Врши увид во работењето на Друштвото и управувањето со него од страна на Управниот одбор (чл. 84 од Статутот);
- Му дава стратешки насоки на Управниот одбор (чл. 106 од Статутот);
- Ги проверува книгите и документите на Друштвото, како и имотот, особено благајната на Друштвото и хартиите од вредност и стока (чл. 106 од Статутот);
- Дава претходно одобрение на Управниот одбор да одлучува за определени видови работи (чл. 106 и 120 од Статутот);
- Дава одобрение за голема зделка (чл. 181 и 182 од Статутот);
- Дава одобрение за зделка со заинтересирана страна (чл. 183 и 184 од Статутот);
- Го застапува Друштвото спрема членовите на Управниот одбор (чл. 106 од Статутот);
- По испратен предлог од страна на Управниот одбор, потврдува дека кандидатот за член на Надзорниот одбор ги исполнува бараните услови утврдени во закон, другите важечки прописи, Статутот и внатрешните акти на Друштвото, како и дали кандидатот се вклопува во профилот на Надзорниот одбор (чл. 74 од Статутот);
- Дава одобрение на член на Управниот одбор по чл. 78 од Статутот;
- Склучува Договор за уредување на односите меѓу Друштвото и членот на Управниот одбор (чл. 82 од Статутот);
- Упатува барање за составување посебен извештај за состојбата на Друштвото или за некое прашање од работењето на Управниот одбор (чл. 84 од Статутот);
- Врши надзор над наградувањето на членовите на Управниот одбор (чл. 91 од Статутот);
- Утврдува критериуми и квалитети за Управниот одбор и за членовите на Управниот одбор (чл. 92 и 116 од Статутот);
- Преиспитува и дава оцена за Управниот одбор (чл. 93 од Статутот);
- Се грижи членовите на Управниот одбор да можат да посветат доволно време на своите должности (чл. 94 од Статутот);
- Може да ги намали вкупните примања и другите права на член на Управниот одбор (чл. 99 од Статутот);
- Обезбедува Управниот одбор во посебен дел од годишниот извештај за работењето на Друштвото да даде Изјава за примена на Кодексот за корпоративно управување (чл. 101 од Статутот);
- Може да ги покани членовите на Управниот одбор на неговите седници (чл. 109 од Статутот);
- Дава и одзема одобрение согласно чл. 124 од Статутот;
- Дава претходна согласност за предлогот за Корпоративен секретар (чл. 129 од Статутот);
- Го свикува Годишното Собрание на акционери во случај кога тоа нема да биде свикано од страна на Управниот одбор во рокот определен со Статутот (чл. 43 од Статутот);
- Донесува одлука за исплата на аванс на дивиденда (чл. 199 од Статутот);
- Врши надгледување и разгледување и дава препораки согласно чл. 201 од Статутот;
- Врши активности согласно чл. 204 од Статутот;

**Член 28**

Надлежностите на Управниот одбор во однос на Надзорниот одбор се следните:

- Бара претходно одобрение и се советува со Надзорниот одбор за определени видови работи (чл. 120 од Статутот);
- До Надзорниот одбор ги испраќа предлозите за кандидати за членови на Надзорниот одбор (чл. 74 од Статутот);
- Свикува Собрание на акционери доколку тоа не биде свикано од страна на Надзорниот одбор во случај и рок определен со Статутот (чл. 77 од Статутот);
- Поднесува пишан извештај за работењето на Друштвото до Надзорниот одбор (чл. 84 и 115 од Статутот);

- Составува посебен извештај за состојбата на Друштвото или за некое прашање од неговото работење по барање на Надзорниот одбор (чл. 84 од Статутот);
- Ги подготвува сите документи и известувања потребни за вршење на надзор над неговата работа од страна на Надзорниот одбор (чл. 84 од Статутот);
- Овозможува добивање одредени информации до Надзорниот одбор или присуство на одредени лица на седниците на Надзорниот одбор (чл. 107 од Статутот);
- Присуствува на седниците на Надзорниот одбор по негова покана (чл. 109 од Статутот);
- Му поднесува Годишен извештај (чл. 119 од Статутот);
- Го известува Надзорниот одбор за оценувањето на сопствената ефективност и ефикасност и на своите членови (чл. 121 од Статутот);
- Бара претходна согласност за предлогот за Корпоративен секретар од Надзорниот одбор (чл. 129 од Статутот);
- Доставува извештај за извршената ревизија, заедно со годишна сметка, финансиски извештај и предлог одлука за распределба на добивката, до Надзорниот одбор (чл. 192 од Статутот);
- Го информира Надзорниот одбор за активностите од чл. 203 од Статутот;
- Врши активности согласно чл. 204 од Статутот;

**Член 29**

Одредбите од оваа глава од Правилникот, не влијаат директната примена на одредбите од законските и другите важечки прописи, Статутот на Друштвото и другите внатрешни акти на Друштвото, туку само ги надополнуваат и објаснуваат процесните дејствија што треба да бидат преземени од страна на органите на Друштвото, а коишто се наведени во погоре споменатите одредби.

Процесните дејствија што ги преземаат Надзорниот и Управниот одбор, при меѓусебната соработка и комуникација, се опишани во одредбите во оваа глава од Правилникот.

**Избор и разрешување на членовите на Управниот одбор и на Претседател на Управниот одбор**

**Член 30**

Согласно чл. 116 од Статутот, Надзорниот Одбор ги избира и разрешува членовите на Управниот одбор и Претседателот на Управниот одбор, доколку член на Управниот одбор даде оставка од позицијата или по иницијатива на некој од членовите на Надзорниот одбор или по иницијатива на акционер во Друштвото.

Доколку до Надзорниот одбор пристигне оставка од член на Управниот одбор или оставка од позицијата Претседател на Управниот одбор, Претседателот на Надзорниот одбор во најкус можен рок ќе свика седница за да ја разгледа новонастанатата ситуација. Надзорниот одбор има право на истата седница да избере нов член, односно Претседател на Управниот одбор.

Иницијативата за избор или разрешување на член, односно Претседател на Управниот одбор, акционерот, Претседателот на Надзорниот одбор или кој било член на Надзорниот одбор ја доставува до Надзорниот одбор, по што Надзорниот одбор има право да ја стави иницијативата на разгледување.

Во иницијативата задолжително се наведуваат причините за истата.

Доколку иницијативата е за избор на нов член, се доставуваат податоци за кандидатот согласно важечките прописи и Статутот.

**Увид во работењето на Друштвото и управувањето со него од страна на Управниот одбор**

**Член 31**

Согласно чл. 84 и чл. 106 од Статутот, Надзорниот одбор или кој било негов член, може да упати барање до Управниот одбор за да изврши увид на извештаи, книги, имот, благајна, хартии од вредност, стока, акти и документи на Управниот одбор или Друштвото, да добие одредена информација.

Управниот одбор е должен во најкус можен рок да ги обезбеди бараните информации или да го овозможи бараниот увид до Надзорниот одбор.

**Претходно одобрение за Управниот одбор да одлучува за определени видови работи**

**Член 32**

Во согласност со чл. 106 и 120 од Статутот, кога Управниот одбор бара претходно одобрение за да одлучува за определени видови работи, ќе му достави на Надзорниот одбор Барање за претходно одобрение, за кое Надзорниот одбор треба да закаже седница во најкус можен рок.

Доколку му е потребно повеќе време при донесувањето на одлуката му е потребно повеќе време, Надзорниот одбор благовремено ќе го извести Управниот одбор за тоа.

Што и да одлучи, Надзорниот одбор веднаш ќе го извести Управниот одбор заедно со соодветно образложение.

**Проверка на предлозите за кандидати за членови на Надзорниот одбор**

**Член 33**

Согласно чл. 74 од Статутот, секој предлог за кандидат за член на Надзорниот одбор, Управниот одбор го испраќа до Надзорниот одбор, со барање да се разгледа во најкус можен рок, а имајќи ги предвид законските и статутарните рокови за избор на член на Надзорниот одбор од страна на Собранието на акционери.

Надзорниот одбор веднаш закажува седница и го разгледува предлогот, при што дава потврда дека предлогот е во согласност со чл. 74 од Статутот или дава мислење дека не е во согласност со Статутот. Без одлагање, соодветното мислење се испраќа до Управниот одбор, при што тој ги објавува податоците за кандидатот за член на Надзорниот одбор согласно Статутот.

**Одобрение на член на Управниот одбор по чл. 78 од Статутот**

**Член 34**

Согласно чл. 78 од Статутот, членот на Управниот одбор ќе испрати барање за одобрение до Надзорниот одбор, без одлагање штом се појави некој од случаите наведени во чл. 78 од Статутот.

Надзорниот одбор ќе го стави на Дневен ред барањето на првата своја наредна седница.

Надзорниот одбор има право да побара дополнителни информации од членот на Управниот одбор или од Управниот одбор во целост.

За даденото одобрение, Надзорниот одбор ќе испрати известување до Собранието на акционери.

**Склучување Договор за уредување на односите меѓу Друштвото и членот на Управниот одбор**

**Член 35**

Согласно член 82 од Статутот, предлог Договорот за уредување на односите меѓу Друштвото и членот на Управниот одбор се изготвува од страна на надлежните организациони единици, по што се доставува до Претседателот на Надзорниот одбор и понатамошното процесирање се случува со посредство на надлежните организациони единици.

Потпишаниот договор се доставува до архивата на Управниот одбор.

**Составување посебен извештај за состојбата на Друштвото или за некое прашање од работењето на Управниот одбор**

**Член 36**

Согласно чл. 84 од Статутот, барањето за составување посебен извештај за состојбата на Друштвото или за некое прашање од работењето на Управниот одбор, Надзорниот одбор може да го упати во секое време.

Доколку не е сложено прашање, Управниот одбор ќе го изготви и разгледа посебниот извештај на првата своја седница.

Доколку е сложено прашање или е прашање за кое е потребно време да се изготви извештајот, Управниот одбор ќе достави известување до Надзорниот одбор со кое ќе го извести за истото и ќе ги наведе причините за пролонгирањето.

По доставувањето на посебниот извештај, Надзорниот одбор на седница ќе го разгледа, а доколку има дополнителни прашања или забелешки кон извештајот, ќе ги упати кон Управниот одбор.

**Утврдување критериуми и квалитети за Управниот одбор и за членовите на Управниот одбор**

**Член 37**

Согласно чл. 92 и 116 од Статутот, Надзорниот одбор ќе ги утврди критериумите и квалитетите за Управниот одбор и за членовите на Управниот одбор, а за времетраење на мандатот на членовите на Управниот одбор ќе ги преиспита критериумите и квалитетите и ќе ги надополни согласно деловните трендови и промените во важечките прописи. За истите изготвува Препорака.

За таа цел, Надзорниот одбор може да изврши разговори со постоечките членови и Претседателот на Управниот одбор, со Корпоративниот секретар и со надворешни експерти за корпоративно управување и деловно работење.

**Преиспитување и давање оцена за Управниот одбор**

**Член 38**

Согласно чл. 93 од Статутот, Надзорниот одбор најмалку еднаш годишно отвора расправа на своја седница за таа тема.

Надзорниот одбор може да донесе заклучок да се побараат дополнителни информации од Управниот одбор.

За таа цел, Надзорниот одбор може да изврши разговори со постоечките членови и Претседателот на Управниот одбор, со Корпоративниот секретар и со надворешни експерти за корпоративно управување и деловно работење.

По завршување на процесот, Надзорниот одбор дава Оцена.

Оцената се доставува до Управниот одбор.

Управниот одбор има право да го истакне своето мислење по однос на Оцената и наодот што е содржан во Оцената.

**Намалување на вкупните примања и другите права на член на Управниот одбор**

**Член 39**

Согласно чл. 99 од Статутот, Надзорниот одбор постојано следи дали правата, поволностите и примањата што се определени во Договорот за уредување на односите меѓу Друштвото и членот на Управниот одбор, се на прекумерен товар на Друштвото доколку значително е влошена финансиската состојба на Друштвото. Доколку тоа е случај, Надзорниот одбор на седница ќе иницира да се измени Договорот и ќе даде предлог до Управниот Одбор, во кој дел Договорот да се измени.

Управниот одбор може да даде забелешки на предлогот.

Доколку Управниот и Надзорниот одбор не се усогласат, мора да се прифати предлогот на Надзорниот одбор.

**Давање Изјава за примена на Кодексот за корпоративно управување**

**Член 40**

Согласно со чл. 101 од Статутот, Надзорниот одбор ќе ги следи законските и статутарните рокови за давање на Изјавата, како и другите обврски во врска со истото, а доколку тоа не биде направено од страна на Управниот одбор, во најкус можен рок ќе упати барање до Управниот одбор за да се исполни оваа обврска.

Управниот одбор е должен да постапи согласно законските и статутарните обврски, а доколку не постапи, должен е да даде соодветно објаснување до Надзорниот одбор зошто обврските не биле исполнети.

**Покана до членовите на Управниот одбор за присуство седниците на Надзорниот одбор**

**Член 41**

Согласно чл. 109 од Статутот, Надзорниот одбор по сопствено наоѓање упатува покана до членовите на Управниот одбор за присуство на седниците на Надзорниот одбор.

Во поканата ќе биде наведена причината заради која се бара присуство на седниците.

Начелно, членовите на Управниот одбор мора да ја прифатат поканата, освен доколку не се во можност од оправдани причини.

**Давање и одземање одобрение согласно чл. 124 од Статутот**

**Член 42**

Согласно чл. 124 од Статутот, Управниот одбор упатува барање до Надзорниот одбор, еден од членовите на Управниот одбор, покрај неговиот Претседател, да добие одобрение да го застапува Друштвото.

Надзорниот одбор го разгледува барањето на првата следна седница и одлучува да даде или да не даде одобрение.

За одлуката го известува Управниот одбор.

Доколку Надзорниот одбор даде одобрение, Управниот одбор решава дали членот на Управниот одбор ќе добие овластување да го застапува Управниот одбор, покрај неговиот Претседател.

**Свикување Годишно Собрание на акционери во случај кога тоа нема да биде свикано од страна на Управниот одбор во рокот определен со Статутот**

**Член 43**

Согласно чл. 43 од Статутот, Надзорниот одбор ги следи статутарните рокови за свикување Годишно собрание на акционери, и без одлагање, доколку истите не се испочитувани, ќе го свика Годишното Собрание на акционери.

Во таков случај, Надзорниот одбор ги задолжува Корпоративниот секретар, Службата за акционерство и имотни прашања, Службата за Финансии и Корпоративната Правна служба, да ги преземат сите потребни законски и статутарни обврски со цел свикување, организирање и одржување на Годишното Собрание на акционери согласно условите наведени во важечките прописи, Статутот, Деловникот за работа на Собранието на акционери и другите внатрешни акти на Друштвото.

Истовремено, Надзорниот одбор ќе упати барање до Управниот одбор да достави информација зошто Годишното Собрание на акционери не е свикано во задолжителниот рок.

Одговорот што ќе го даде Управниот одбор мора да биде детално образложен.

**Донесување одлука за исплата на аванс на дивиденда**

**Член 44**

Согласно чл. 199 од Статутот, Управниот одбор може да донесе одлука за исплата на аванс на дивиденда.

Донесената одлука Управниот одбор ја доставува до Надзорниот одбор.

Надзорниот има право, пред да донесе одлука, да побара информација за причината за исплата, како и информација за финансиско-економската состојба на Друштвото во моментот.

Донесената одлука Надзорниот одбор ја доставува до Управниот одбор, при што ако одлуката е позитивна, Управниот одбор ќе ја спроведе.

**Надгледување, разгледување и давање препораки согласно чл. 201 од Статутот**

**Член 45**

Согласно чл. 201 од Статутот, Надзорниот одбор во текот на целата година го надгледува системот, а на седница го разгледува согласно статутарните обврски. Препораките коишто ги донесува по разгледувањето, ги доставува до Управниот одбор.

Управниот одбор има право да даде забелешки по истите.

**Преиспитување на внатрешните акти, политиките и постапките согласно чл. 204 од Статутот**

**Член 46**

Согласно чл. 204 од Статутот, Управниот одбор на своја седница го поставува повторното

преиспитување на внатрешните акти, политиките и постапките наведени во чл. 204.

За донесените заклучоци го известува Надзорниот одбор.

Пред објавувањето на веб-страницата на Друштвото, надзорниот и Управниот одбор ќе направат напор да ги усогласат своите заклучоци. Доколку тоа не е можно, ќе се објават посебни заклучоци.

**Свикување Собрание на акционери доколку тоа не биде свикано од страна на Надзорниот одбор во случај и рок определен со Статутот**

**Член 47**

Согласно чл. 77 од Статутот, Управниот одбор следи дали Собранието на акционери ќе биде свикано заради исполнување на законските и статутарните обврски, а доколку не биде свикано, без одлагање ќе одржи седница каде што ќе донесе одлука за свикување на Собрание на акционери и ќе ги усвои потребните акти за Собранието на акционери.

**Поднесување пишан извештај за работењето на Друштвото**

**Член 48**

Согласно чл. 84 и 115 од Статутот, Управниот одбор изготвува и поднесува квартални извештаи до Надзорниот одбор, согласно динамиката утврдена со Правилата за котација на Македонска берза на хартии од вредност АД Скопје.

**Овозможување добивање одредени информации до Надзорниот одбор или присуство на одредени лица на седниците на Надзорниот одбор**

**Член 49**

Согласно чл. 107 од Статутот, по барање на Надзорниот одбор, Управниот одбор ги презема сите потребни дејствија со цел да се оствари барањето од Надзорниот одбор.

Доколку барањето е насочено кон одредено раководно лице во Друштвото, Управниот одбор ќе го задолжи конкретно раководно лице да ја обезбеди бараната информација, односно да присуствува на седница на Надзорниот одбор.

Доколку барањето е насочено кон одредено лице надвор од Друштвото, Управниот одбор во име на Надзорниот одбор ќе оствари контакт и ќе упати покана кон наведеното лице со цел тоа да ја обезбеди бараната информација, односно да присуствува на седница на Надзорниот одбор.

За преземените дејствија, Управниот одбор го информира Надзорниот одбор.

**Поднесување Годишен извештај**

**Член 50**

Согласно чл. 119, Управниот одбор го поднесува Годишниот извештај за работењето на Друштвото до Надзорниот одбор во законскиот и статутарниот рок.

**Оценување во согласност со чл. 121 од Статутот**

**Член 51**

Управниот одбор во согласност со чл. 121 од Статутот врши оценување и за истото го известува Надзорниот одбор.

Надзорниот одбор истото ќе го земе предвид при извршување на своите надлежности од чл. 92, 93 и 116 од Статутот.

**Извештај за извршената ревизија, заедно со годишна сметка, финансиски извештај и предлог одлука за распределба на добивката**

**Член 52**

Согласно чл. 192, Управниот одбор ќе ги достави документите во законски и статутарно определениот рок до Надзорниот одбор.

Надзорниот одбор имајќи ги предвид законските и статутарните рокови, во најкус можен рок ќе ги провери добиените документи.

За своите наоди изготвува пишан извештај до Собранието на акционери, што го доставува запазувајќи ги дадените рокови.

**Постапка за одобрување на голема зделка**

**Член 53**

Согласно чл. 181 и 182 од Статутот, доколку Друштвото склучува голема зделка, Управниот одбор пред склучувањето на таа зделка ќе ги преземе сите потребни дејствија, со цел истата да биде одобрена од надлежните органи.

**Член 54**

Кога проценетата вредност на зделката е над 20%, а помалку од 50% од книговодствената вредност на Друштвото, Управниот одбор ќе испрати барање за давање одобрение на голема зделка до Надзорниот одбор, заедно со сите информации за зделката и информации на начинот и методот на извршената проценета вредност.

Надзорниот одбор може да одлучи да побара дополнителни информации или да повика членови на Управниот одбор или раководни лица за да ја образложат зделката пред Надзорниот одбор.

По добивањето на сите информации што му се потребни, Надзорниот одбор донесува одлука да ја одобри или да не ја одобри големата зделка. Одлуката за одобрување мора да биде донесена од сите членови на Надзорниот одбор.

Доколку не биде донесена одлука за одобрување на големата зделка, Надзорниот одбор може да одлучи големата зделка да ја поднесе на одобрување на Собранието на акционери.

Доколку не е закажано Собрание на акционери, Управниот одбор ќе донесе одлука да се свика Собрание на акционери каде што одобрувањето на големата зделка ќе биде ставено како предлог одлука.

Собранието на акционери одлуката ја донесува со мнозинство гласови од претставените акции со право на глас.

**Член 55**

Доколку големата зделка е со проценета вредност над 50% од книговодствената вредност на имотот на Друштвото, Управниот одбор ќе упати известување до Надзорниот одбор за постоење голема зделка, со барање Надзорниот одбор да изготви писмено известување за големата зделка, во коешто ќе наведат дека Собранието на акционери треба да го разгледа предлогот за големата зделка и нивна препорака, вклучувајќи го и исказот за правото на акционерите да не се согласат со големата зделка. Во писменото известување се наведува страната, односно страните на зделката, корисникот, односно корисниците на зделката, вредноста, предметот, обемот и другите материјални услови на зделката.

По изготвеното известување, Надзорниот одбор ќе го испрати истото до Управниот одбор.

Управниот одбор ќе свика Собрание на акционери каде што одобрувањето на големата зделка ќе биде ставено како предлог одлука.

Управниот одбор пред Собранието на акционери ќе ги приложи сите информации за зделката и информации на начинот и методот на извршената проценета вредност, како и известувањето од Надзорниот одбор.

Одлуката за одобрување на голема зделка ја донесува Собранието на акционери со мнозинство гласови кое не може да изнесува под две третини од акциите со право на глас, претставени на Собранието на акционери.

**Постапка за одобрување на зделка со заинтересирана страна**

**Член 56**

Согласно чл. 183, 184 и 185 од Статутот, доколку Друштвото склучува зделка со заинтересирана страна, Управниот одбор пред склучувањето на таа зделка ќе ги преземе сите потребни дејствија, со цел истата да биде одобрена од надлежните органи.

**Член 57**

Управниот одбор ќе испрати барање за давање одобрение на зделка со заинтересирана страна до Надзорниот одбор, заедно со сите информации за зделката и информации на начинот и методот на извршената проценета вредност.

Надзорниот одбор може да одлучи да побара дополнителни информации или да повика членови на Управниот одбор или раководни лица за да ја образложат зделката пред Надзорниот одбор.

По добивањето на сите информации што му се потребни, Надзорниот одбор донесува одлука да ја одобри или да не ја одобри зделката со заинтересираната страна.

Одлуката за одобрување на секоја зделка со заинтересирана страна се носи со мнозинство гласови од членовите на Надзорниот одбор кои немаат интерес во зделката.

Ако сите членови Надзорниот одбор се заинтересирани страни или ако бројот на членовите на Надзорниот одбор кои немаат интерес е помал од бројот што е потребен за кворум за седницата на Надзорниот одбор определен во статутот, таквата зделка ја одобрува Собранието на акционери. Во таков случај, Надзорниот одбор ќе испрати известување до Управниот одбор.

Управниот одбор ќе свика Собрание на акционери, на кое зделката со заинтересирана страна ќе биде ставена како предлог одлука.

Собранието ја одобрува зделката со заинтересираната страна со мнозинство гласови на сите акционери кои немаат интерес, а кои поседуваат акции со право на глас.

**Член 58**

Собранието на акционери мора да ја одобри зделката со заинтересираната страна со мнозинство гласови на сите акционери кои немаат интерес, а кои поседуваат акции со право на глас и тоа, ако:

1) вредноста на имотот на којшто се однесува ваквата зделка или поврзаните зделки изнесува 2% или повеќе проценти од книговодствената вредност на имотот на друштвото, според последните ревидирани финансиски извештаи на друштвото или во однос на понудената цена во случај кога треба да се купи имот;

2) зделката или поврзаните зделки се однесуваат на издавање преку запишување или продажба на акции што изнесуваат повеќе од 2% од обичните акции на друштвото, преостанати во тој период и обичните акции во кои може да се конвертираат хартии од вредност претходно издадени во серии и кои можат да бидат конвертирани во акции или

3) зделката или поврзаните зделки се однесуваат на издавање преку запишување на конвертибилни обврзници, што може да се конвертираат во обични акции, а кои изнесуваат повеќе од 2% од издадените обични акции на друштвото и ако, во исто време, претходно издадените обични акции во серии се конвертибилни во акции.

Во одлуката со која се одобрува зделка со заинтересирана страна се определува лицето кое е страна на зделката или е корисник, како и вредноста, предметот и другите материјални услови на зделката.

**Член 59**

Во случај на зделка со заинтересирана страна од претходниот член, Управниот одбор ќе испрати известување за зделка со заинтересирана страна до Надзорниот одбор, заедно со сите информации за зделката и информации на начинот и методот на извршената проценета вредност.

Надзорниот одбор може да одлучи да побара дополнителни информации или да повика членови на Управниот одбор или раководни лица за да ја образложат зделката пред Надзорниот одбор.

По добивањето на сите информации што му се потребни, Надзорниот одбор во постапката на одобрување зделка со заинтересирана страна, ги определува цената на имотот или другите елементи од зделката .

Надзорниот одбор по своите забелешки го информира Управниот одбор, по што Управниот одбор ќе свика Собрание на акционери, на коешто одобрувањето на зделката ќе биде ставено како предлог одлука.

Собранието на акционери донесува соодветна одлука.

**Член 60**

Пред донесувањето на одлука за одобрување на зделка со заинтересирана страна донесена од надлежен орган на Друштвото, доколку вредноста на зделката што е предмет на одобрување или кумулативната вредност на меѓусебни поврзани зделки во текот на изминатите 12 месеци од денот на одобрувањето на зделката, изнесува 10% и повеќе од вредноста на активата на друштвото определена врз

основа на последните ревидирани годишни финансиски извештаи, Корпоративниот секретар ќе организира обезбедување мислење од овластен ревизор кој ги исполнува условите пропишани со Законот за ревизија и Законот за хартии од вредност.

Корпоративниот секретар и другите надлежни организациони единици ќе водат грижа, одредбите за зделка со заинтересирана страна да не се применуваат кога:

– врши исплата на дивиденда и
– издава хартии од вредност.

**Член 61**

Корпоративниот секретар и надлежните организациони единици се должни да внимаваат зделката за заинтересирана страна по целосно реализирање на зделката со заинтересирана страна, веднаш а најдоцна наредниот работен ден, во најмалку еден дневен весник, на веб страницата на друштвото и на веб страницата на Берзата да се објави известување за реализираната зделка со заинтересирана страна.

Воедно известувањето од ставот (1) на овој член ќе се подготви на начин што ќе ги содржи потребните податоци од законот.

## ДЕЈСТВИЈА ШТО ГИ ПРЕЗЕМААТ ОРГАНИТЕ НА ДРУШТВОТО СО ЦЕЛ ДА СЕ СПРЕЧИ, ОДНОСНО ЕФЕКТИВНО ДА СЕ УПРАВУВА СО СУДИРОТ НА ИНТЕРЕСИ

**Член 62**

Членовите на Надзорниот Одбор и Управниот одбор се грижат да го спречат судирот на интереси при нивното работење и одлучување.

Во случај на околности од коишто корист може да имаат приватни интереси, а пред интересот на Друштвото, а со цел заштита на имотот, вредноста и интересите на Друштвото како и заштита на севкупните права и интереси на акционерите, а наспроти поединечниот интерес на одредени субјекти вклучително и потенцијалните лични интереси на Управниот и Надзорниот одбор, Надзорниот одбор ја предложи, а Управниот одбор ја донесе Политиката за спречување и управување со судир на интереси во АЛКАЛОИД АД Скопје.

Членовите на Надзорниот Одбор и Управниот одбор при спречувањето и менаџирањето на судирот на интереси се должни да постапуваат во согласност со важечките прописи, Статутот на Друштвото и другите внатрешни акти на Друштвото, особено во согласност со Политиката за спречување и управување со судир на интереси во АЛКАЛОИД АД Скопје.

Членовите на Надзорниот Одбор и Управниот одбор еднаш годишно доставуваат Изјава за почитување на Политиката за спречување и управување со судир на интереси.

Надзорниот одбор годишно го оценува потенцијалниот судир на интереси на поединечните членови. Ова оценување се прави врз основа на дадените Изјави од ставот погоре, во рок од 60 дена од давањето на овие Изјави.

При постоење на потенцијален судир на интереси членовите се должни да ги применуваат постапките утврдени со Политиката за спречување и управување со судир на интереси.

**Член 63**

Дополнително, покрај принципите утврдени со Политиката за спречување и управување со судир на интереси, за членовите на Надзорниот Одбор и Управниот одбор се применуваат и посебни одредби, коишто се во врска со функцијата што ја извршуваат.

**Член 64**

Членовите на Надзорниот Одбор и Управниот одбор како и членовите на нивните семејства (сопружници, родители и деца) без одобрение на Надзорниот одбор не смеат:

1. За своја или туѓа сметка да вршат работи што спаѓаат во предметот на работење на Друштвото;
2. Да вршат друга дејност или активност во друго друштво, со ист или сличен предмет на работење, платена или неплатена, за сопствена сметка или за сметка на друго лице;
3. Да бидат членови на орган на управување или член на надзорен одбор, односно контролор во друго друштво што има ист или сличен предмет на работење како и Друштвото;

4. Во просториите на Друштвото да врши работи за своја или туѓа сметка.

Членот на Надзорниот односно Управниот Одбор што има намера да врши дејствие, односно да се здобие со функција наведена во ст. 1 од овој член, ќе побара одобрение од Надзорниот Одбор каде што детално ќе го наведе дејството што би го вршел, односно функцијата што би ја здобил, причините за истото и дава известување како планира да го сведе судирот на интерес на минимум. Членот на Надзорниот односно Управниот Одбор го презема истото доколку се работи за член на неговото семејство (сопружник, родители и деца).

**Член 65**

Во случај на судир на интерес на член на Надзорниот одбор, Надзорниот Одбор ќе го извести Собранието на акционери на неговата прва седница за даденото одобрение од претходниот член.

**Член 66**

Членовите на Надзорниот односно Управниот Одбор во никој случај не смеат:

1. Да бараат, прифаќаат или да одобруваат подароци со материјална вредност или донации од Друштвото за себе или за членовите на нивните семејства;
2. Да им овозможат на трети лица да стекнат корист на штета на Друштвото.
3. Да ги злоупотребуваат деловните можности што му припаѓаат на Друштвото за свои лични интереси или за интересите на членовите на нивното семејство;
4. Да остваруваат други форми на личен доход од работењето на Друштвото, освен од правата што произлегуваат од договорите коишто ги имаат склучено со Друштвото и/или капитално поврзаните друштва на Друштвото, наградата што ја добиваат како членови на Надзорниот односно Управниот Одбор и приходите што произлегуваат од какви било акции што ги имаат во Друштвото;
5. Во исто време не може да биде избрани во повеќе од пет одбори на директори како неизвршен член, ниту во повеќе од пет надзорни одбори на друштва со седиште во Република Северна Македонија. Доколку другите членови на Надзорниот односно Управниот Одбор добијат информација дека член на Надзорниот односно Управниот Одбор го прекршил ст. 1 од овој член, тие ќе го повикаат без одлагање да даде известување за вистинитоста на информацијата, а доколку се покаже точна, ќе го повикаат без одлагање да даде оставка од позицијата член на Надзорен односно Управен Одбор, односно неизвршен член во одборот на директори или во Друштвото или во друго друштво во кое е член.

Доколку членот Надзорниот односно Управниот Одбор постапи спротивно од забраните од овој член, односно премолчи релевантен факт во известувањето од ст. 2 од овој член, Друштвото може:

- да бара надомест на штета; или
- да бара на Друштвото да му ја отстапи правната работа за своја сметка и да му ја даде користа што потекнува од правната работа, склучена за своја или за туѓа сметка.

**Член 67**

Доколку кај член на Надзорниот односно Управниот одбор постои сомневање за потенцијален судир на интереси, тој нема да учествува во делот на седницата на одборот на кој се расправа и/или се одлучува за договор или за кое било друго правно прашање кое директно или индиректно може да се однесува на тој член на Надзорниот односно Управниот Одбор.

**Обврски на членовите на Надзорниот и Управниот одбор при посебни постапки на судир на интереси**

**Член 68**

Во годишниот извештај на Друштвото, покрај останатите содржини кои треба да ги содржи, треба да бидат објавени треба да ги содржи, треба да бидат објавени и сите реализирани зделки со заинтересирана страна.

Ова известување ќе содржи податоци за предметот и вредноста на реализираната зделка, добивката од реализираната зделка, лицата кои во зделката се заинтересирана страна, природата на односите со поврзаните страни, како и други информации во врска со интересот на лицето, односно поврзаните страни во зделката.

**Член 69**

Располагањето со акциите во Друштвото се одвива согласно постапките на Законот за трговски Друштва.

Лица кои се акционери, членови на Управниот одбор или на Надзорниот одбор, вработени или надворешни соработници кои при извршување на професионалните задачи имаат пристап до внатрешни информации во Друштвото, не смеат да купуваат или продаваат хартии од вредност на Друштвото или на друг начин да остварат материјална добивка врз основа на внатрешните информации.

Лицата од став 1 на овој член коишто имаат пристап до внатрешни информации се должни да го известат Друштвото, Комисијата за хартии од вредност и берзата на која котираат хартиите од вредност, ако дознаат дека правно или физичко лице купува или продава хартии од вредност на Друштвото врз основа на внатрешна информација.

**Член 70**

Членовите на Надзорниот одбор се должни веднаш да го известат Претседателот на Надзорниот Одбор, а Членовите на Управниот одбор се должни веднаш да го известат Претседателот на Управниот Одбор, доколку тие, согласно Политиката за спречување и управување со судир на интереси, имаат интерес во каква било зделка, договор или деловна активност што директно влијае на интересите на Друштвото.

За секој договор или друга деловна активност на Друштвото во кој што член на Надзорниот односно Управниот одбор има интерес, дури и на посреден начин, мора да се постапи според одредбите од Статутот што го регулираат постапувањето во случај на зделка со заинтересирана страна.

Секој член на Надзорниот односно Управниот Одбор кој има интерес е должен веднаш да го пријави.

Доколку член на Надзорниот Одбор дојде до сознание дека е исполнет некој од условите од став 2 на овој член, за тоа веднаш го известува Надзорниот Одбор.

Доколку член на Управниот Одбор дојде до сознание дека е исполнет некој од условите од став 2 на овој член, за тоа веднаш го известува Управниот Одбор.

Заинтересираниот член има право да биде сослушан, но не може да учествува во расправата или во одлучувањето, во донесувањето на одуката за давање на одобрението за зделка со заинтересирана страна.

## ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 71**

Доколку одредена одредба од овој Правилник е во спротивност со важечките прописи или со Статутот на Друштвото, веднаш ќе се пристапи кон измена на Правилникот, а до тој момент одредбите од важечките прописи и Статутот имаат директна примена при активностите согласно овој Правилник.

За правилна примена на овој Правилник се грижат Управниот Одбор, Надзорниот одбор, Корпоративниот секретар на Друштвото, Службата за Акционерство и имотни прашања, Службата за Финансии како и Корпоративна Правна служба.

Измени и дополнувања на Правилникот се врши на начин и постапка како за негово донесување.

**Член 72**

Правилникот стапува во сила на 01.01.2023 година.

[1] Оваа верзија на Правилникот за уредување на меѓусебните односи на органите на АЛКАЛОИД АД Скопје е во формат и дизајн за потребите на запознавање на јавноста со истиот. Официјалната верзија на Правилникот за уредување на меѓусебните односи на органите на АЛКАЛОИД АД Скопје се чува во неговото седиште.

**АЛКАЛОИД АД Скопје**

Бул. Александар Македонски 12, 1000 Скопје,
Република Северна Македонија

**www.alkaloid.com.mk**

АЛКАЛОИД
СКОПЈЕ